# Информација
# За извршени оперативни активности на
# ЈП Комунална хигиена во 2015 година

## ВОВЕД

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Чистење на септички јами;
- Подигање на згазени и умрени животни и заловување и третман на кучиња – скитници во стационар

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

## 1. ИЗВРШЕНИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Основна дејност

### 1.1. Собирање и транспортирање на комунален отпад

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок и ЈП Комунална хигиена го врши со специјални комунални возила за подигање на поставените садови за таа намена и тоа: контејнери од 1.100 литри и 5.000 литри, како и подигање на пластични канти од 120 литри кај индивидуалните домаќинства, кај кои отпадот се собира со специјални возила и се истовара во подвижни претоварни станици и се транспортира до депонијата Дрисла.

Микролокациите на контејнерите од 1.100 литри ги определува надлежниот орган на Град Скопје.

**Вкупниот број на поставени наменски садови - контејнери во Градот е: 4.212 парчиња од 1.100 литри и 64.005 пластични канти од 120 литри наменети за Домаќинствата, и за Правните лица 412 парчиња од 5.000 литри и 637 парчиња од 1.100 литри.**

**Исто така на подрачјето на Град Скопје функционираат и подземни контејнери и тоа на 28 локации распоредени во пет Општини.**

Проектот започна во м.Јуни/2013 година во две Општини Центар и Чаир каде контејенрите се распоредени на 19 локации.Во Општина Центар има 17 локации , додека во Општина Чаир има 2 локации, на кои се поставени вкупно 50 контејнери (38 за комунален отпад и 12 за ПЕТ амбалажа).

Во 2015 год. се продолжи со Проектот за имплементација на нови локации на подземни контејнери на територијата на Град Скопје.Истите се распоредени во 3 Општини и тоа во Општините Кисела Вода, Аеродром и Гази Баба каде на 9 локации поставени се по 3 контејнери (2 за комунален отпад и 1 за ПЕТ амбалажа).

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.кај селектираниот отпад подигањето се врши еднаш неделно, односно во зависност од потребата.

**Во руралниот дел поставени се 13.339 пластични канти од 120 литри и отпадот се собира од 15.262 домаќинства. Динамика на подигање на отпадот од пластичните контејнери е еднаш неделно.**

Во текот на 2015 година од подрачјето на Град Скопје и од руралните средини собрани се и транспортирани **141.544 тони** комунален отпад. Направени се **30.536 тури**.

Од вкупната количина на собран и транспортиран комунален отпад за периодот Јануари - Декември/2015 година, ЈП Комунална хигиена од подрачјето на Град Скопје , односно урбаниот дел собра и транспортира **129.396 тони** , направени се **27.590 тури**.

Остатокот од **12.148 тони** комунален отпад е собран и транспортиран од руралните средини.Направени се **2.946 тури**.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови од вкупната количина на отпадот – **141.544 тони**, од контејнери од 1.100 литри е подигнато **72.756 тони или 51,40 %**, од канти од 120 л. подигнато е **57.687 тони или 40,75 %** и од контејнери од 5.000 литри подигнато е **11.101 тони или 7,85 %**.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во 2015 година изнесува **141.544 тони** и во споредба со 2014 година кога беа подигнати **143.385 тони**, бележи намалување за **1,29%.**

Заради подобар увид во работењето и ангажираните капацитети даден е табеларен споредбен приказ на количините и динамиката (тури) за периодот 2015 во однос на 2014 година.

**ПРЕГЛЕД**
**На подигнат отпад по видови на садови**
**за период Јануари – Декември 2015 година споредено со 2014 година**

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на **подрачјето на Град Скопје и во руралните средини** за период 01.01 до 31.12.2015 година спореден со 2014 година :

| МЕСЕЦИ | конт.1.100 л. во тони | канти 120л. | конт.5.000 л. во тони | Вкупно отпад 2015 | Вкупно тури 2015 | Вкупно отпад 2014 | Вкупно тури 2014 | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9(5:7) | 10(6:8) |
| ЈАНУАРИ | 5.452 | 4.122 | 804 | 10.378 | 2.331 | 10.082 | 2.156 | 102,94 | 108,12 |
| ФЕВРУАРИ | 4.998 | 3.736 | 959 | 9.693 | 2.233 | 9.772 | 2.004 | 99,19 | 111,43 |
| МАРТ | 5.822 | 4.530 | 983 | 11.335 | 2.539 | 11.433 | 2.151 | 99,14 | 118,04 |
| АПРИЛ | 6.035 | 4.897 | 902 | 11.834 | 2.574 | 11.563 | 2.121 | 102,34 | 121,36 |
| МАЈ | 6.290 | 4.985 | 808 | 12.083 | 2.571 | 12.854 | 2.631 | 94,00 | 97,72 |
| ЈУНИ | 6.092 | 4.902 | 976 | 11.970 | 2.560 | 12.152 | 2.562 | 98,50 | 99,92 |
| ЈУЛИ | 6.628 | 5.431 | 860 | 12.919 | 2.614 | 12.996 | 2.662 | 99,41 | 98,20 |
| АВГУСТ | 6.241 | 5.110 | 796 | 12.147 | 2.573 | 13.314 | 2.632 | 91,23 | 97,76 |
| СЕПТЕМВРИ | 6.387 | 5.222 | 940 | 12.549 | 2.628 | 13.579 | 2.695 | 92,41 | 97,51 |
| ОКТОМВРИ | 6.688 | 5.429 | 1076 | 13.193 | 2.733 | 13.011 | 2.769 | 101,40 | 98,70 |
| НОЕМВРИ | 6.295 | 4.952 | 991 | 12.238 | 2.613 | 11.682 | 2.495 | 104,76 | 104,73 |
| ДЕКЕМВРИ | 5.828 | 4.371 | 1006 | 11.205 | 2.567 | 10.947 | 2.466 | 102,36 | 104,10 |
| **ВКУПНО** | **72.756** | **57.687** | **11.101** | **141.544** | **30.536** | **143.385** | **29.344** | **98,71** | **104,06** |

Во следниот Преглед дадени се вкупните количини на собран и транспортиран комунален отпад по Општини:

| ОПШТИНИ | 2015 г. во тони | 2014 г. во тони | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 (2:3) |
| - Горче Петров | 10.633 | 10.897 | 97,58 |
| - Карпош | 17.666 | 20.920 | 84,45 |
| - Центар | 17.150 | 18.439 | 93,01 |
| - Кисела Вода | 17.773 | 17.880 | 99,40 |
| - Аеродром | 19.388 | 19.199 | 100,98 |
| - Гази Баба | 22.469 | 18.912 | 118,81 |
| - Чаир | 19.641 | 19.715 | 99,62 |
| - Бутел | 10.406 | 11.774 | 88,38 |
| - Шуто Оризари | 6.418 | 5.649 | 113,61 |
| **ВКУПНО:** | **141.544** | **143.385** | **98,71** |

***1. Собирање и транспортирање на комунален отпад***

***Од контејнери од 1.100 литри***

Вкупно подигнат комунален отпад во 2015 година од контејнери од 1.100 литри изнесува **72.756 тони** и во споредба со 2014 година кога беа подигнати **74.141 тони**, бележи намалување за 1,87%.

**Подземни контејнери**

Од подземните контејнери во 2015 година подигнати се вкупно **1.771 тон** комунален отпад и во споредба со 2014 година кога беа подигнати **1.677 тони** бележиме зголемување за **5,60%.**

Оваа количина влегува во збирот на подигнат комунален отпад од контејнери од 1.100 литри.

***2. Собирање и транспортирање на комунален отпад***
***Од пластични канти од 120 литри***

Кај индивидуалното живеење-домаќинства во 2015 година од пластични канти од 120 литри, подигнато е вкупно **57.687 тони** и во споредба со 2014 година кога беа подигнати **58.105 тони**, бележи минимално намалување од 0,72%.

***3. Собирање и транспортирање на комунален отпад***
***од рурални средини***

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се 15.201 домаќинство од населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Чучер Сандево.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се од 10-12 специјални возила во зависност од потребите за навремено извршување на работните задачи

За периодот Јануари - Декември/2015 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува **12.148 тони** и во споредба со истиот период во 2014 година кога беа подигнати **12.365 тони** бележи намалување за 1,76%.Направени се вкупно 2.946 тури.

Во Прегледите што следат прикажани се: вкупно собран комунален отпад од руралните средини за 2015 година по месеци и вкупно собран и транспортиран отпад од градско и рурално подрачје за 2015 година споредено со 2014 година:

**Преглед**
**На собран и транспортиран отпад од рурални средини**
**за период Јануари-Декември/2015 година**

| Месеци | Број на домаќинства | Количина на собран отпад (во тони) |
|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 15.262 | 885 |
| **ФЕВРУАРИ** | | 813 |
| **МАРТ** | | 933 |
| **АПРИЛ** | | 1.019 |
| **МАЈ** | | 1.002 |
| **ЈУНИ** | | 1.029 |
| **ЈУЛИ** | | 1.160 |
| **АВГУСТ** | | 1.066 |
| **СЕПТЕМВРИ** | | 1.114 |
| **ОКТОМВРИ** | | 1.156 |
| **НОЕМВРИ** | | 1.030 |
| **ДЕКЕМВРИ** | | 941 |
| **ВКУПНО:** | 15.262 | **12.148** |

**Преглед**
**На собран и транспортиран комунален отпад**
**од градско подрачје и од рурални подрачја за период**
**Јануари – Декември/2015 година споредено со 2014 година**

| Подрачје | Собран комунален отпад во 2015 г. (тони) | Стр. | Собран комунален отпад во 2014 г. (тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Градско подрачје | 129.396 | 91,42 | 131.020 | 91,78 | -1.624 | 98,76 |
| Рурални подрачја | 12.148 | 8,58 | 12.365 | 8,22 | -217 | 98,25 |
| **Вкупно:** | **141.544** | **100** | **143.385** | **100** | **-1.841** | **98,71** |

### *4. Оперативна единица за селекција на отпад и трансфер центри*

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата, како и хартијата и картонската амбалажа се собира, пресува и складира и истата се предава на Пакомак.

Следи Преглед на собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и лименки во 2015 година споредено со 2014 година и Преглед на предадена количина на Пакомак за период од 01.01 до 31.12.2015 година:

**Преглед**
**На собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и лименки за период од 01.01 до 31.12.2015 година споредено со 2014 година**

| **Месеци**<br>**2015 година** | **ЈП Комунална хигиена** | | | **Формални собирачи** | | | **Се вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПЕТ амбалажа (кгр)** | **Хартија и карт.кутии (кгр)** | **Лименки (кгр)** | **ПЕТ амбалажа (кгр)** | **Хартија и карт.кутии (кгр)** | **Лименки (кгр)** | **ПЕТ амбалажа (кгр)** | **Хартија и карт.кутии (кгр)** | **Лименки (кгр)** |
| **1** | **2** | | | **3** | | | **4 (2+3)** | | |
| Јануари | 49 | 925 | 0 | 556 | 13.375 | 0 | 605 | 14.300 | 0 |
| Февруари | 150 | 2.220 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150 | 2.220 | 0 |
| Март | 140 | 2.960 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140 | 2.960 | 0 |
| Април | 190 | 3.160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190 | 3.160 | 0 |
| Мај | 210 | 2.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210 | 2.300 | 0 |
| Јуни | 180 | 3.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180 | 3.200 | 0 |
| Јули | 190 | 1.460 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190 | 1.460 | 0 |
| Август | 190 | 940 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190 | 940 | 0 |
| Септември | 70 | 3.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70 | 3.200 | 0 |
| Октомври | 80 | 2.420 | 0 | 0 | 0 | 0 | 80 | 2.420 | 0 |
| Ноември | 0 | 1.460 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.460 | 0 |
| Декември | 130 | 5.620 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130 | 5.620 | 0 |
| ***Вкупно 2015 г.*** | ***1.579*** | ***29.865*** | ***0*** | ***556*** | ***13.375*** | ***0*** | ***2.135*** | ***43.240*** | ***0*** |
| ***Вкупно 2014 г.*** | ***750*** | ***10.693*** | ***0*** | ***45.990*** | ***458.337*** | ***127*** | ***46.740*** | ***469.030*** | ***127*** |

Од Прегледот може да се забележи намалување на вкупно собраните количини на хартија и картонска амбалажа. За период Јануари-Декември/2015 година собрани се вкупно 43.240 кг. и во однос на 2014 година кога беа собрани 469.030 кг. бележиме намалување за 425.790 кг.

Кај количините на собрана ПЕТ амбалажа исто така бележиме намалување.Во 2015 година собрани се 2.135 кг. и во однос на 2014 година кога беа собрани 46.740 кг. имаме намалување за 44.605 кг.

Ова намалување се должи на прекинување на соработката со формалините собирачи поради донесените измени во Законот за управување со отпад од м.Јануари/2015 година.

Во периодот Јануари-Декември/2015 година предадени се 80 кг. лименки.

**Преглед**
**на предадена количина на Пакомак**
**за период од 01.01 до 31.12.2015 година**

| Месеци<br><br>2015 година | Предадено на Пакомак од 01.01 до 31.12.2015 г. | | |
|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Лименки (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 605 | 14.300 | 0 |
| Февруари | 150 | 2.220 | 0 |
| Март | 140 | 2.960 | 80 |
| Април | 190 | 3.160 | 0 |
| Мај | 210 | 2.300 | 0 |
| Јуни | 180 | 3.200 | 0 |
| Јули | 190 | 1.460 | 0 |
| Август | 190 | 940 | 0 |
| Септември | 70 | 3.200 | 0 |
| Октомври | 80 | 2.420 | 0 |
| Ноември | 0 | 1.460 | 0 |
| Декември | 130 | 5.620 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***2.135*** | ***43.240*** | ***80*** |

## 5. Одржување на јавната чистота

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго) .

### Категоризација на јавните сообраќајни површини

Категоризацијата на јавните сообраќајни површини на подрачјето на Град Скопје е извршена согласно критериумите и нормите за одржување на јавната чистота, концентрација на населението и инфраструктурната претпоставка, социјалните и културни навики, фреквенцијата на движењето и сообраќајот.

Извршена е категоризација на јавните сообраќајни површини на три категории на подрачјето на Град Скопје и тоа:

| Категорија | Површина – $м^2$ | Процент |
|---|---|---|
| Прва категорија | 417.847 | 7,32 % |
| Втора категорија | 1.872.229 | 39,06 % |
| Трета категорија | 3.836.715 | 53,62 % |
| **Вкупно:** | **6.126.791** | **100%** |

Согласно горенаведената категоризација на површините, се предвидува динамиката, начинот на одржување на јавната чистота и површина на делување по Општини.

За период од 01.01 до 31.12.2015 година од вкупно планираната површина 702.255.190 $м^2$ остварено е 652.402.830$м^2$ или за 7,10% помалку во однос со планираната. Во Прегледот што следи може да се види планираното и оствареното по Општини:

**ПРЕГЛЕД**
**На планирано и оставрено по Општини и категории за 2015 година**

| ОПШТИНИ | Вкупно планирано $м^2$ | Вкупно остварено $м^2$ | Стр. на остварено | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | | | | |
| I | 157.040.936 | 160.475.000 | | |
| II | 151.654.308 | 141.992.500 | | |
| III | 8.548.800 | 7.536.000 | | |
| **ВКУПНО** | **317.244.044** | **310.003.500** | **47,52** | **97,72** |
| **К.ВОДА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 35.488.882 | 31.597.500 | | |
| III | 5.892.172 | 5.255.000 | | |
| **ВКУПНО** | **41.381.054** | **36.852.500** | **5,65** | **89,06** |
| **АЕРОДРОМ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 27.742.260 | 24.239.500 | | |
| III | 12.270.440 | 8.728.000 | | |
| **ВКУПНО** | **40.012.700** | **32.967.500** | **5,05** | **82,39** |
| **КАРПОШ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 94.796.208 | 80.840.500 | | |
| III | 13.261.430 | 11.131.000 | | |
| **ВКУПНО** | **108.057.638** | **91.971.500** | **14,10** | **85,11** |
| **ЧАИР** | | | | |
| I | 19.076.590 | 17.860.000 | | |
| II | 80.403.986 | 77.075.000 | | |
| III | 6.191.250 | 5.483.000 | | |
| **ВКУПНО** | **105.671.826** | **100.418.000** | **15,39** | **95,03** |
| **БУТЕЛ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 18.937.022 | 16.394.000 | | |
| III | 4.149.600 | 3.932.000 | | |
| **ВКУПНО** | **23.086.622** | **20.326.000** | **3,12** | **88,04** |
| **ГАЗИ БАБА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 36.879.856 | 31.703.000 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| III | 10.909.730 | 9.450.000 | | |
| **ВКУПНО** | **47.789.586** | **41.153.000** | **6,31** | **86,11** |
| **Ѓ.ПЕТРОВ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 13.089.050 | 12.820.000 | | |
| II | 4.313.010 | 4.418.000 | | |
| **ВКУПНО** | **17.402.060** | **17.238.000** | **2,64** | **99,06** |
| **Ш.ОРИЗАРИ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 216.580 | 215.110 | | |
| III | 1.393.080 | 1.257.720 | | |
| **ВКУПНО** | **1.609.660** | **1.472.830** | **0,23** | **91,50** |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***702.255.190*** | ***652.402.830*** | ***100*** | **92,90** |

## II. Дополнителни дејности

- **Чистење на септички јами**

Чистењето на септички јами се врши по барање на физички и правни лица.Во периодот 01.01 до 31.12.2015 година, извршени се вкупно услуги на 13 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 119 м$^3$.

| **ОПИС** | **2015 год.** | **2014 год.** |
|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 13 | 10 |
| - Исчистени м$^3$ | 119 | 122,5 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е зголемен за 30%, додека количината на исчистени фекални води изразена во м$^3$ е намалена за 3,5 м$^3$ односно за 2,86%.

За разгледуваниот период од индивидуалните домаќинства немаше барања за чистење на септички јами и нема извршено услуги.

- **Служба за подигање на згазени и умрени животни и заловување на кучиња и нивно третирање во стационар**

Службата за подигање на згазени и умрени животни и уловување на животни скитници на подрачјето на Град Скопје, работи 24 часа по Програма и на повик на институции и граѓани на територијата на Град Скопје.

Во Прегледот што следи може да се види бројот на подигнати згазени и умрени животни во текот на 2015 година по месеци споредени со истиот период во 2014 година:

| Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XI/2015 | Вкупно I-XII/2014 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16 (14-15)** | **17(14:15)** |
| Кучиња | 26 | 23 | 15 | 21 | 31 | 21 | 34 | 24 | 33 | 25 | 28 | 24 | 305 | 254 | 51 | 120,08 |
| Мачки | 10 | 23 | 30 | 14 | 24 | 22 | 22 | 9 | 7 | 9 | 18 | 15 | 203 | 231 | -28 | 87,88 |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 5 | -2 | 40,00 |
| **Вкупно:** | **36** | **46** | **45** | **35** | **55** | **45** | **56** | **33** | **41** | **34** | **46** | **39** | **511** | **490** | **21** | **104,28** |

Во следниот Прегледот може да се види бројот на заловени и третирани бездомни животни во стационарот Вардариште, по месеци за период од 01.01 до 31.12.2015 година:

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII/2015 | Вкупно I-XII/2014 | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **15** | **16(14-15)** | **17(14:15)** |
| **Заловени** | 127 | 121 | 160 | 137 | 132 | 181 | 164 | 147 | 169 | 161 | 141 | 130 | **1.770** | **2.198** | -428 | **80,53** |
| **Кастр/Оварх.** | 97 | 82 | 92 | 84 | 94 | 123 | 112 | 86 | 115 | 115 | 100 | 100 | **1.200** | **1.420** | -220 | **84,51** |
| **Еутаназирани** | 25 | 26 | 37 | 28 | 31 | 34 | 35 | 51 | 40 | 34 | 25 | 24 | **390** | **558** | -168 | **69,89** |
| **Вдомени** | 5 | 13 | 31 | 25 | 7 | 24 | 17 | 9 | 12 | 11 | 15 | 6 | **175** | **135** | **40** | **129,63** |

Во 2015 година Службата за заловување и третман на кучиња скитници заловила вкупно 1.770 бездомни животни и во споредба со 2014 година кога беа заловени вкупно 2.198 животни бележи намалување за 19,47%.Третирани се 1.200 единки и во споредба со минатата година кога беа третирани 1.420, се бележи намалување за 15,49%.

Намалување во однос на 2014 година се бележи и кај еутанизираните животни.Во 2015 година, констатирана е потреба од еутаназија и истата е извршена на 390 кучиња, во 2014 година била извршена на 558 кучиња односно во проценти 30,11%.

Кај вдомените бележиме зголемување во однос на 2014 година, кога беа вдомени 135 кучиња , во 2015 година вдомени се 175 кучиња, изразено во проценти изнесува 29,63%, повеќе вдомени од минатата година.

## III. Други оперативни активности

### - ЕКО - патрола

Во текот на 2015 година, Еко-патролата има направено вкупно 2.008 записници од кои: 259 за комунален отпад, 1.272 едукативни и 477 од анкетирани граѓани.Откриени и расчистени се **1.097 м$^3$** отфрлен градежен отпад и шут и кабаст отпад и гранки.

Во Прегледите што следат може да се види бројот на извршени интервенции во 2015 година по видови записници и по Општини:

**Преглед**
**На извршени интервенции за комунален отпад по Општини**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад – 2015 г. | | Записници за комунален отпад – 2014 г. | | Индекс (3:5) | Индекс (4:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Откриени и расчистени М$^3$ | Број на записници | Откриени и расчистени М$^3$ | Број на записници | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 325 | 78 | 316 | 63 | 102,85 | 123,81 |
| 2. | Општина Карпош | 82 | 19 | 124 | 25 | 66,13 | 76,00 |
| 3. | Општина Аеродром | 141 | 27 | 156 | 38 | 90,38 | 71,05 |
| 4. | Општина К.Вода | 60 | 20 | 102 | 17 | 58,82 | 117,65 |
| 5. | Општина Чаир | 289 | 62 | 278 | 50 | 103,96 | 124,00 |
| 6. | Општина Бутел | 86 | 20 | 46 | 11 | 186,96 | 181,82 |
| 7. | Општина Гази Баба | 79 | 24 | 142 | 28 | 55,63 | 85,71 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 32 | 8 | 19 | 4 | 168,42 | 200,00 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 3 | 1 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно записници** | | **1.097** | **259** | **1.183** | **236** | **92,73** | **109,75** |

**Преглед**
**На извршени интервенции – едукативни записници и записници од анкета**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Едукативни записници во 2015 г. | Едукативни записници во 2014 г. | Записници од анкетирани граѓани во 2015 г. | Записници од анкетирани граѓани во 2014 г. | Индекс (3:4) | Индекс (5:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 252 | 164 | 43 | 80 | 153,66 | 53,75 |
| 2. | Општина Карпош | 211 | 111 | 68 | 71 | 190,09 | 95,77 |
| 3. | Општина Аеродром | 212 | 94 | 18 | 54 | 225,53 | 33,33 |
| 4. | Општина К.Вода | 161 | 63 | 79 | 67 | 255,56 | 117,91 |
| 5. | Општина Чаир | 140 | 45 | 45 | 7 | 311,11 | 642,86 |
| 6. | Општина Бутел | 114 | 30 | 88 | 56 | 380,00 | 157,14 |
| 7. | Општина Гази Баба | 115 | 45 | 92 | 80 | 255,56 | 115,00 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 58 | 13 | 38 | 37 | 446,15 | 102,70 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 9 | 0 | 6 | 3 | 0,00 | 200,00 |
| **Вкупно записници** | | **1.272** | **565** | **477** | **455** | **225,13** | **104,84** |

**- Дежурен телефон**

Во текот на 2015 г. на дежурниот телефон биле регистрирани 814 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (508 јавувања).

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок, но сепак поради временските услови,блокирани контејнери со непрописно паркирани возила и друго се интервенира во рок од неколку дена.

**- Еколошка едукација**

Службата за Развој која е дел од Секторот за ИТ и Развој, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во текот на 2015 година реализирани се еко часови во 26 основни училишта во Општините Ѓорче Петров, Центар,Бутел,Аеродром и Карпош.Со едукација беа опфатени 1.075 ученици кои преку презентации и нагледни материјали се запознаа со процесот на селекција на отпадот.

Исто така беа едуцирани и децата од предучилишните установи и тоа вкупно 1.022 деца од 21 градинка.

**ПРЕГЛЕД**
**На реализирана едукација по Општини за 2015 година**

| Месец | Општина | Бр.на училишта | Бр.на ученици | Бр.на градинки | Бр.на деца | Вкупно едуцирани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Февруари | Карпош | 5 | 237 | 2 | 67 | 304 |
| Март | Карпош | | | 6 | 249 | 249 |
| | Аеродром | 2 | 96 | 1 | 23 | 119 |
| Април | Карпош | 1 | 54 | 1 | 48 | 102 |
| | Ѓорче Петров | 1 | 34 | 1 | 21 | 55 |
| Мај | Ѓорче Петров | 2 | 114 | 0 | 0 | 114 |
| Октомври | Аеродром | 6 | 202 | 2 | 172 | 374 |
| Ноември | Аеродром | 1 | 27 | 8 | 442 | 469 |
| | Бутел | 1 | 28 | 0 | | 28 |
| | Центар | 1 | 85 | 0 | | 85 |
| Декември | Центар | 6 | 198 | 0 | 0 | 198 |
| **Вкупно:** | | **26** | **1.075** | **21** | **1.022** | **2.097** |

## IV. Вонредни активности

### Расчистување на диви депонии/напуштен отпад

На територијата на град Скопје ЈП Комунална хигиена во текот на 2015 година, интервенираше на на повеќе локации и тоа во Општините Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари и Центар и од создадените диви депонии отстрани 960 м$^3$ комунален отпад измешан со градежен шут.

**ИЗРАБОТИЛ** **Служба за Централно планирање**
**Емилија Владимирова**